**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.06.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска–Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 25 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.06.2019 година.
2. Предлог за покренување прекршочна постапка на ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово.
3. Извештај за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост 2016-2018.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво РФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕЛА ДООЕЛ Кривогаштани поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
12. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 7 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.06.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка на ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово. Објасни дека при редовен програмски надзор беше констатирано дека операторот реемитува странски програмски сервиси за коишто не е издадена потврда за регистрација од страна на Агенцијата. Со јавна опомена наложено му е да ги исклучи наведените канали, но при контролниот надзор се констатира дека повторно реемитува два странски канали без издадени потврди. Од таа причина се предлага да се покрене прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека досега ретко се случувало операторот да се опомене и потоа да не постапи согласно опомената.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.11-3015/1 од 05.06.2019 година на ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово и утврди дека субјектот на надзорот не постапил по Решението за изрекување мерка (Уп1 бр.03-289 од 22.05.2019 година), односно не го усогласил своето работење со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот едногласно заклучи против ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд. Наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа во својот програмски пакет ги реемитува програмските пакети RTS Svet и RTS 2 коишто не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно и покрај Решението за изрекување мерка опомена донесено на 22.05.2019 година ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа.

**Точка 3**

Раководителката на Одделение за човекови права и медиумска писменост м-р Емилија Петреска Камењарова го образложи Извештајот за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост 2016-2018. Објасни дека ова претставува уште една обврска на Агенцијата како регулаторното тело која произлегува од член 26 од ЗААВМУ, односно социјалната инклузија и медиумската писменост. Советот во 2015 година усвои Програма за обезбедување достапност до медиумите за лица со сетилна попреченост која беше подготвена во рамките на ИПА проектот. Рокот на програмата истече и во таа насока е подготвен Извештај во кој е даден преглед на сите преземени активности за нејзино спроведување.

Г-дин Фиданоски рече дека Извештајот за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост 2016-2018 е добро сработен, содржински ги инкорпорира сите неопходни елементи што треба да ги има за обврската што ја има Агенцијата како регулаторно тело. Нема сомнеж дека Агенцијата ќе продолжи така и во иднина да ја обработува оваа тема и тоа е она што го охрабрува. Она што на некој начин го обесхрабрува, иако не до крај, е што се`уште има мал процент на адаптирани програми на радиодифузерите кон овие лица. Има неколку мали исклучоци, како јавниот сервис, ТВ 24 и една регионална телевизија ТВМ од Охрид. Тоа е мала бројка на радиодифузери и затоа е потребно и понатаму да се работи во насока на обезбедување на достапност на програмите за лицата со сетилна попреченост. Исто така треба да се работи и на кампањи за подигнување на свеста дека и тие лица се дел од нас, околу нас, заедно со нас живеат и се дел од ова општество со еднакви права како и другите. Убеден е и верува дека во иднина ќе се работи уште поинтензивно таа достапност на програмите да биде зголемена во процент кој ќе биде прифатлив за еден европски стандард кој го имаат европските земји. Се изјасни дека го прифаќа Извештајот и дека ќе го поддржи.

Г-дин Фетаи рече дека и тој го прифаќа Извештајот и дека е добро што вакви активности се направени. Се надева дека овие активности ќе продолжат и во иднина, бидејќи тоа е потреба за нашето општество, потреба за сите и за медиумите пред сè за подигнување на свеста. Посочи дека во зависност од буџетот на Агенцијата би било соодветно Извештајот за спроведување на Програмата за обезбедување достапност

до медиумите на лицата со сетилна попреченост 2016-2018 да се преведе и за медиумите кои емитуваат програма на албански јазик, односно да биде достапен и за албанската публика бидејќи се работи за финален извештај. Наведе дека Извештајот не е обемен во смисла на страници за превод и би било добро да се преведе дали со помош на капацитетите на Агенцијата или да се достави до биро за преведување.

Г-дин Трајчевски и г-дин Петрушевски одговорија дека сигурно ќе се направи превод на албански јазик на овој Извештај, но во прашање е само време. Потребно е прво Советот да го усвои, а потоа ќе се преведе. Г-дин Петрушевски рече дека е позитивен предлогот на г-дин Фетаи.

Г-дин Јанчески рече дека се согласува со Извештајот меѓутоа има една работа која му пречи. Имено, во Извештајот недостасуваат резултатите од сите наведени бројни активности кој се содржани во самиот извештај. Факт е дека медиумите немаат законска обврска да ги слушаат советите од страна на Агенцијата во поглед на тоа да им се обезбеди поголема достапност на програмите на медиумите на лица со сетилна попреченост. Резултатот на три медиуми вклучувајќи го во таа бројка и јавниот сервис е незадоволителен. Според него немаат никаков механизам да ги натераат медиумите да ја унапредуваат својата програма во контекст на поголема достапност на програмите на лица со сетилна попреченост. Можеби треба да се бараат други механизми. Ако сега се констатирани само три медиуми, праша дали со овие активности, со ова подигнување на свест, со сите овие брошури, подобрување на веб страницата на Агенцијата, подобрени информации до сите кои се во рамките на оваа сфера кои делуваат како фактори, дали можеби ќе констатира после година-две дека повеќе медиуми се придружиле во оваа иницијатива, дека работат на тоа? Или треба да се побараат други алтернативни законски измени со коишто на некој начин ќе се даде поголема важност на оваа работа која што навистина е многу значајна за еден дел од популацијата во државата. Нагласи дека треба да се почитуваат европските и светски стандарди како што нагласил и г-дин Фиданоски, кои се присутни во развиените држави во Европа и светот.

Раководителката на Одделение за човекови права и медиумска писменост м-р Емилија Петреска Камењарова одговори дека тоа е нешто на што ќе обрнат внимание во наредниот документ кој треба да се изработи до крајот на оваа година, а тоа е документот за политики на Агенцијата за правење на програми достапни до лица со сетилна попреченост. Законски сега за сега не може многу да се направи, но треба да се има предвид дека со последните измени во Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги се направи една навидум мала но всушност практично значајна измена. Досега обврската која беше ставена во Директивата беше *да се охрабрат* давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми достапни за оваа категорија на лица. Новата формулација е дека државите треба *да обезбедат* медиумите да ги направат своите програми достапни постојано и прогресивно. Како резултат на ова, државите на ЕУ кои што први мораат ова да го спроведат до ноември 2020 година, треба да ја транспонираат Директивата во своите законодавства. Ова се толкува како задолжителна обврска и за комерцијалните радиодифузери од она што го дознале преку материјалите од ЕРГА што се споделуваат, со тоа што има различни приоди. Некои држави одат со тоа што на пример сите медиуми што имаат некое ниво на гледаност мора ова да го прават постепено, да ги направат своите програми достапни за лицата со сетилна попреченост, други пак имаат некои други критериуми од кои медиуми ќе бараат

задолжително да се прави програмата достапна. До оној момент додека кај нас не се транспонира Директивата во нашиот закон, рече дека ние ќе останеме на ваквите позитивни мерки. Треба да се има предвид дека начинот, приодот кој Агенцијата го зема особено со последната брошура која што е направена на крајот од 2018 година, е да објаснат онака како што е поставено и во Директивата. Повеќе не е само пристап за лицата со сетилна попреченост туку и за другите лица коишто привремено или повремено не можат да пристапат особено возрасните. Сега категоријата е проширена и се однесува и на лицата со очила односно на оние кои во текот на животот го губат видот односно не е ограничено на оние лица кои од почетокот имаат проблем со видот. Значи повеќе или помалку некако сите влегуваат во таа категорија. Пристапот кој го имаат до медиумите е да им објаснат дека е зголемена гледаноста на оние телевизии кои ги направиле своите програми достапни. ТВМ од Охрид тоа ги прави подолго време, ТВ 24 Вести е нов во таа насока, јавниот сервис има законска обврска и верува дека полека ќе се придвижат работите нанапред.

Г-дин Петрушевски рече дека секако треба да запаметат сите и она што го предложил г-дин Јанчески дека може да се имплементира при некоја наредна промена на ЗААВМУ, да Агенција на тие јавни дискусии ова го предложи, ако досега не е предложено. Има поткрепа и од европската директива и во тој правец се согласуваат сите дека на ова треба да му се даде една законска тежина.

Г-дин Фиданоски рече дека го поздравува најавениот документ за политиките на Агенцијата за овие категории на лица. Претпоставува дека медиумите внимателно ќе го прочитаат документот кога ќе се обзнани во јавноста и ќе имаат желба и можност да ги следат тие препораки. Во контекст на она што го кажал г-дин Јанчески, рече додека не дојде да биде законска обврска, што за жал во општества како нашето само законска обврска ги принудува субјектите, во овој случај радиодифузерите да ги почитуваат. Мора да има повеќе кампањи за подигнување на свеста за да се зголеми тој процент. Се согласува дека е добар моментот, медиумите кои имаат добар рејтинг значи имаат и поголемо влијание во јавноста, да преземат обврска тоа да го спроведат во своите програми затоа што практично на тој начин ќе бидат вклучени ваквите категории на лица како нивна постојана публика.

Г-дин Јанчески додаде дека овие медиуми коишто се светол и позитивен пример во оваа смисла, би требало на некој начин да се истакнат во некое идно соопштение до медиумите, односно да се истакне нивната позитивна улога како пионери во нешто што треба да биде идна обврска за сите медиуми.

Г-дин Фетаи рече дека е позитивно и како држава и како регулатор да ги следат укажувањата и од Советот на Европа и на експертите од оваа област. Од новините кои ги кажа раководителката м-р Емилија Петреска Камењарова, ако досега формулацијата била *да ги охрабри медиумите*, сега се оди на едно повисоко ниво, во некоја смисла обврзувачко *да ги обезбедат* овие можности на луѓето со сетилна попреченост. Во таа насока би било добро што не чини многу да им се укаже на медиумите со една информација во поглед на овој нов пристап на Директивата на Европската комисија, може и информацијата да биде поставена и на веб страната на Агенцијата и да биде доставена и до медиумите, да бидат известени и за усвојувањето на денешниот извештај и да се потрудат да обезбедат таква програма. Се`уште нема таква законска основа, но има една многу поголема тежина од она претходното само да се охрабрат а сега да обезбедат. И во таа насока на медиумите да им се отвори погледот кон оваа измена, кон новата состојба.

Раководителката Петреска Камењарова објасни дека намерата на АААВМУ е фокусот на документот за политики да оди токму преку Директивата, односно тоа што е ново во Директивата. Идејата е на тој начин да се конципира документот, дека тоа ќе биде обврска. Смета дека тогаш ќе биде моментот, кога на радиодифузерите ќе им се достави политиката кога ќе биде направена и од Советот усвоена и дека постојат вакви измени кои порано или подоцна треба да ги применат.

Г-дин Фетаи рече дека тоа му била идејата, да се известат за да дојдат до сознание дека е поинаква нивната обврска во таа насока.

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Извештајот за спроведување на Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост 2016- 2018.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот извештајот да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надева дека позитивните аспекти од дискусијата во иднина ќе се применат.

**Точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12**

Г-дин Петрушевски замоли за Точките од 4 до 12 да има едно образложение и дискусија со оглед дека се работи за исто прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, односно не доставиле писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Гласањето ќе биде поединечно за секој медиум посебно.

Г-дин Трајчевски рече дека ова е на некој начин продолжение од претходната седница каде што имаше друга група на медиуми по истиот основ. За медиумите кои се сега на дневен ред, објасни дека на претходната седница не беа ставени бидејќи немаше доказ дека е извршена достава на Барањето за изјаснување кое сега е обезбедено.

Раководителката Петревска Камењарова рече дека остана уште еден медиум, Радио Арачина за кој се вратија документите и не пристигнале до нив. Потоа се организира да дојдат претставници од радиото и лично да си го подигнат Барањето за изјаснување. Бидејќи го подигнаа, сега им тече рокот за изјаснување и завршува некаде по 24 јуни што значи дека ќе остане само уште РА Арачина.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2736/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2746/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво РФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2757/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕЛА ДООЕЛ Кривогаштани поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2743/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2738/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој

радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2741/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2745/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-2756/1 од 15.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето, до Стручната служба порача да ги известат сите наведени медиуми дека им е изречена мерка јавна опомена и точно да ги известат до кога им е рокот за усогласување со Законот, тоа е 45 дена од денот на приемот на решението.

**Точка 13**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-3/20/13
04.07.**2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**